## СостојбасоCOVID-19воСевернаМакедонијаисветот 05.07-11.07.2021

### СОСТОЈБАСОCOVID-19ВОРЕПУБЛИКАСЕВЕРНАМАКЕДОНИЈА, период 05.07-11.07.2021

Тестирани се вкупно 19.123 материјали во лабораториите во кои се спроведува молекуларно тестирање и антигенско тестирање за присуство на SARS-CoV-2, со зголемување од 7,5% во однос на минатата недела. Регистрирани се 86 нови позитивни случаи од 9 градови во државата, 2,2 пати повеќе во однос на минатата недела. Процентот на позитивност се движи од 0,3% до 0,8%, просечно 0,4%. Најголем дел од регистрираните случаи се од Тетово (n=43; 50,0%), со неделна инциденца – 21,5/100.000. Највисока неделна инциденца од 21,5/100.000 е регистрирана во Тетово (Табела 1, Картограм 1).

**Картограм 1.** Инциденца на 100.000 жители, COVID-19, 05.07 -11.07.2021, Р.С Македонија




Регистрирани се заболени лица во сите возрасни групи. Најзастапена е возрасната група на лица на возраст 30-39 (n=22, 25,6%). Најмал број е регистриран кај возрасната група од 0-9 години и 10-19 години (n=5; 5,8%). Во текот на минатата недела се забележува зголемување на бројот на пријавени случаи кај сите возрасни групи, со најголемо зголемување кај возрасната група од 20-29 години за 6,5 пати повеќе во однос на минатата недела.

Во однос на дистрибуцијата по пол, пријавени се 52 (60,5%) лица од женски и 34 (39,5%) од машки пол.

По добиени 2 негативни теста за присуство на SARS-CoV-2 или со употреба на новиот алгоритам, со статус „оздравени“ се стекнале 32 лица кое биле хоспитализирани или на домашно лекување, со намалување од 53,6% во споредба со минатата недела.

Пријавен е еден смртен случај асоциран со COVID-19 во периодот од 05.07 -11.07.2021. Пријавениот случај е од Струмица од возрасната група над 60 години, починат во болнички услови.

## КУМУЛАТИВНА СОСТОЈБА СО COVID-19 ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Заклучно со 11.07.2021, пријавени се вкупно 155.802 случаи на COVID-19 (I=7.529,7/100.000).
Според место на постојано живеење/ повремен престој, случаи на COVID-19 се регистрирани во 35 градови/ЦЈЗ низ државата. Најголем дел регистрирани во Скопје, Куманово, Прилеп, Тетово и Битола, додека највисок морталитет се регистрира во Прилеп, Охрид, Кавадарци, Крушево, Гевгелија и Неготино. Највисок леталитет се регистрира во Крушево и Струга. (Табела 1).

***Табела 1.*** *Кумулативна дистрибуција на заболени од COVID-19 по ЦЈЗ/ПЕ, РС Македонија, до 11.07.2021*

| Дистрибуција по градови | Заболени (вкупно) | Кумулативна инциденца | Умрени (вкупно) | Морталитет (кумулативно) | Леталитет (кумулативно) | Оздравени (вкупно) | Активни случаи (вкупно) | Заболени (последни 7 дена) | Инциденца последни 7 дена | Заболени (последни 14 дена) | Инциденца последни 14 дена | Промена на инциденца во два 14 дневни периода |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Вкупно** | **155802** | **7529.7** | **5487** | **265.2** | **3.5%** | **150132** | **183** | **86** | **4.2** | **126** | **6.1** | ▼ 7.4% |
| Скопје | 68708 | 11124.2 | 1818 | 294.3 | 2.6% | 66825 | 65 | 26 | 4.2 | 47 | 7.6 | ▼ 2.1% |
| Куманово | 8884 | 6226.2 | 355 | 248.8 | 4.0% | 8518 | 11 | 2 | 1.4 | 2 | 1.4 | ▼ 86.7% |
| Прилеп | 8328 | 8737.1 | 426 | 446.9 | 5.1% | 7899 | 3 | 1 | 1.0 | 1 | 1.0 | ▼ 87.5% |
| Тетово | 7296 | 3652.3 | 335 | 167.7 | 4.6% | 6906 | 55 | 43 | 21.5 | 49 | 24.5 | ▲ 226.7% |
| Битола | 6310 | 6190.9 | 304 | 298.3 | 4.8% | 6000 | 6 | 1 | 1.0 | 4 | 3.9 | ▲ 100.0% |
| Велес | 5474 | 8261.8 | 178 | 268.7 | 3.3% | 5296 | 0 | 0 | 0.0 | 1 | 1.5 | ▼ 50.0% |
| Гостивар | 5188 | 4331.6 | 248 | 207.1 | 4.8% | 4933 | 7 | 6 | 5.0 | 6 | 5.0 | ▲ 200.0% |
| Кавадарци | 5155 | 11978.9 | 155 | 360.2 | 3.0% | 4998 | 2 | 0 | 0.0 | 1 | 2.3 | |
| Охрид | 5021 | 8948.7 | 224 | 399.2 | 4.5% | 4786 | 11 | 2 | 3.6 | 2 | 3.6 | ▼ 75.0% |
| Штип | 4960 | 9416.6 | 146 | 277.2 | 2.9% | 4814 | 0 | 0 | 0.0 | 0 | 0.0 | ▼ 100.0% |
| Струмица | 4123 | 4352.9 | 211 | 222.8 | 5.1% | 3907 | 5 | 3 | 3.2 | 4 | 4.2 | ▼ 33.3% |
| Струга | 2983 | 4396.4 | 197 | 290.3 | 6.6% | 2784 | 2 | 2 | 2.9 | 2 | 2.9 | |
| Кочани | 2792 | 5820.2 | 125 | 260.6 | 4.5% | 2667 | 0 | 0 | 0.0 | 0 | 0.0 | ▼ 100.0% |
| Кичево | 2600 | 4549.2 | 111 | 194.2 | 4.3% | 2476 | 13 | 0 | 0.0 | 3 | 5.2 | ▼ 82.4% |
| Гевгелија | 2195 | 9634.8 | 72 | 316.0 | 3.3% | 2123 | 0 | 0 | 0.0 | 0 | 0.0 | |
| Неготино | 2184 | 11269.3 | 60 | 309.6 | 2.7% | 2124 | 0 | 0 | 0.0 | 0 | 0.0 | |
| Свети Николе | 1524 | 7429.8 | 30 | 146.3 | 2.0% | 1494 | 0 | 0 | 0.0 | 0 | 0.0 | ▼ 100.0% |
| Ресен | 1234 | 7546.5 | 38 | 232.4 | 3.1% | 1196 | 0 | 0 | 0.0 | 0 | 0.0 | |
| Крива Паланка | 1227 | 5130.2 | 58 | 242.5 | 4.7% | 1169 | 0 | 0 | 0.0 | 0 | 0.0 | ▼ 100.0% |
| Радовиш | 1161 | 3560.1 | 62 | 190.1 | 5.3% | 1099 | 0 | 0 | 0.0 | 0 | 0.0 | |
| Берово | 1032 | 7936.6 | 39 | 299.9 | 3.8% | 991 | 2 | 0 | 0.0 | 3 | 23.1 | |
| Делчево | 973 | 5935.1 | 38 | 231.8 | 3.9% | 935 | 0 | 0 | 0.0 | 0 | 0.0 | ▼ 100.0% |
| Дебар | 942 | 3394.0 | 48 | 172.9 | 5.1% | 893 | 1 | 0 | 0.0 | 0 | 0.0 | ▼ 100.0% |
| Виница | 886 | 4560.7 | 41 | 211.0 | 4.6% | 845 | 0 | 0 | 0.0 | 0 | 0.0 | |
| Пробиштип | 789 | 5156.5 | 30 | 196.1 | 3.8% | 759 | 0 | 0 | 0.0 | 0 | 0.0 | |
| Валандово | 667 | 5628.2 | 22 | 185.6 | 3.3% | 645 | 0 | 0 | 0.0 | 0 | 0.0 | |
| Богданци | 494 | 5968.3 | 12 | 145.0 | 2.4% | 482 | 0 | 0 | 0.0 | 0 | 0.0 | |
| Крушево | 490 | 5142.2 | 33 | 346.3 | 6.7% | 457 | 0 | 0 | 0.0 | 0 | 0.0 | |
| Демир Хисар | 400 | 4775.0 | 14 | 167.1 | 3.5% | 386 | 0 | 0 | 0.0 | 0 | 0.0 | |
| Демир Капија | 396 | 9684.5 | 11 | 269.0 | 2.8% | 385 | 0 | 0 | 0.0 | 0 | 0.0 | |
| Кратово | 377 | 3939.8 | 15 | 156.8 | 4.0% | 362 | 0 | 0 | 0.0 | 0 | 0.0 | ▼ 100.0% |
| Македонски Брод | 359 | 3206.2 | 14 | 125.0 | 3.9% | 345 | 0 | 0 | 0.0 | 0 | 0.0 | |
| Пехчево | 269 | 5387.5 | 6 | 120.2 | 2.2% | 263 | 0 | 0 | 0.0 | 1 | 20.0 | |
| Македонска Каменица | 249 | 3255.3 | 8 | 104.6 | 3.2% | 241 | 0 | 0 | 0.0 | 0 | 0.0 | |
| Дојран | 132 | 3960.4 | 3 | 90.0 | 2.3% | 129 | 0 | 0 | 0.0 | 0 | 0.0 | |

Кога се споредуваат двата последни 14 дневни периоди, се забележува намалување во 15 градови во државата, освен во Тетово, Битола и Гостивар каде се регистрира зголемување на бројот на заболени. Во 14 градови во државата не се регистрирани случаи во текот на последниот месец (во двата 14 дневни периоди) (Табела 1).

Највисока кумулативна инциденца на 100.000 жители се регистрира во Кавадарци со 11.978,9 на 100.000 жители, Неготино (11.269,3/100.000) и Скопје (11.124,2/100.000), а најниска инциденца со 3.206,2 заболени на 100.000 жители се регистрира во Македонски Брод (Табела 1, Картограм 2).

***<u>Картограм 2</u>***. *Инциденца на 100.000 жители, COVID-19, Р.С. Македонија*




Во однос на дистрибуцијата по пол, регистрирани се 78.052 машки и 77.750 женски лица. Специфичниот морбидитет кај машките е 7.530,2/100.000, а кај женските 7.529,1/100.000.

Возраста на заболените се движи од 0 до 101 година (просек – 46,2 години). Најголем број на заболени се на возраст над 60 години – 40.148 (25,8%) каде што се регистрира и највисок специфичен морбидитет од 10.474,6/100.000. Најнизок специфичен морбидитет од 1.304,1 и 2.744,9 на 100.000 жители се регистрира кај деца на возраст од 0-9 и 10-19 години, каде се пријавени 2.985 и 6.868 случаи соодветно (Графикон 1).

***Графикон 1**. Дистрибуција на заболените од COVID-19 според возрасна група (n=155.802)*




Во однос на датумот на пријавување, првиот случај е регистриран на 26.02.2020. Највисок број на пријавени случаи на дневно ниво (n=1.512) е регистриран на 30.03.2021.

Првиот случај е регистриран во 9-тата недела, а од 11-тата недела во 2020 година континуирано се регистрираат нови потврдени случаи. Најголем број на заболени на неделно ниво (n=7.923) е регистриран во 13-та недела во 2021 година (Графикон 2). По тринаесет последователни недели каде се забележува континуирано намалување на бројот на заболени, во 27-ма недела се забележува зголемување на бројот на случаи.

***Графикон 2.** Дистрибуција на заболените од COVID-19 во С. Македонија според недела на лабораториска дијагностика, до 11.07.2021 (n=155.802)*



Според извештаите од болниците кои пристигнаа до ИЈЗ (КИБФС, ГОБ 8-ми Септември, УК Токсикологија тријажа, Штип, Тетово и Битола, Општи болници Велес, Куманово, Прилеп, Охрид, Гостивар, Струмица, Струга, Кочани, Кавадарци, Кичево и Гевгелија и КБ Систина) моментално се хоспитализирани 31 лице (намалување од 36,7%), а од нив 4 се на кислородна поддршка. Четири пациенти на инвазивна/неинвазивна механичка вентилација.

Податоците кои следат во однос на симптоматологијата, коморбидитетите, одредени групи на случаи, контактите и импортираните случаи се однесуваат на анализите направени заклучно со 04.01.2021 од случаите кои се епидемиолошки истражени (n=72.129; 81,1%).

Во однос на симптоми кои се пријавени кај заболените, најчесто се регистрирани температура (68,8%), кашлица (40,7%), малаксаност (40,1%), ослабен осет за мирис и/или вкус (27,0%), главоболка (21,9%), мускулна болка (18,1%), болка во грло (14,1%) и отежнато дишење (9,8%). Кај 17.136 или 11,0% од дијагностицираните лица не се регистрирани симптоми на заболувањето.

Пријавени се 412 (1,8% од пријавените женски лица во фертилен период) случаи кај бремени жени, од кои 58 биле хоспитализирани во текот на болеста. Од вкупниот број на регистрирани бремени жени, 119 се асимптоматски случаи.

Регистрирани се 3.439 (4,8%) случаи на заболување меѓу здравствени работници.

Во однос на коморбидитети, кај 24.336 (15,6%) лица се присутни хронична/и здравствени состојби, од кои 16.873 лица имаат кардиоваскуларна болест, 6.452 дијабет, 3.525 се со хронична белодробна болест и 4.235 со други хронични болести. Од хоспитализираните случаи, кај 6.709 (56,9%) се присутни коморбидитети.

Импортирани се 1.030 (0,7%) случаи, од нив 11 се детектирани на точка на влез. Вкупно 23.074 лица (32,0%) имале контакт со веќе потврден случај на COVID-19 во државата.

Регистрирани се 5.487 смртни случаи (Лт = 3,5%). Во однос на дата на смрт најголем број на смртни случаи се регистрирани на 08.04.2021 година (n=49), а според недела на пријавување во тек на 14-тата недела во 2021 година (n=293) (Графикон 3). Од регистрираните смртни случаи, најголем дел се на возраст над 60 години (n=4.521) каде е регистриран и највисок специфичен морталитет – 1.179,5/100.000 жители. Регистрирани се 3.400 смртни случаи кај лица од машки и 2.087 кај лица од женски пол. Од починатите, кај 4.040 (73,6% од лицата за кои има податок) се регистрирани коморбидитети, најчесто кардиоваскуларна болест (n=3.222), дијабет (n=1.368) и белодробна болест (n=603). Регистрирани се 6 смртни случаи кај бремени жени и 30 смртни случаи кај здравствени работници. Од пријавените случаи, 337 (6,1%) починале во вонболнички услови, а 5.150 (93,9%) починале за време на хоспитализација.

***Графикон 3.*** *Дистрибуција на смртни случаи од COVID-19 во С. Македонија според недела на смрт, до 11.07.2021 (n=5.487)*




Од 15.02.2020-11.07.2021 тестирани се вкупно 911.154 материјали (детектирани 155.802 позитивни лица) во лабораториите во кои се спроведува молекуларно тестирање за присуство на SARS-CoV-2 и во лабораториите/здравствените установи во кои се спроведува брз антигенски тест (Табела 2). Со ова во Р. С. Македонија се направени 440.347 тестови на 1.000.000 жители.

***Табела 2.*** *Вкупен број на тестови направени за COVID-19 во Р.С. Македонија (n=911.154)**

| | Кумулативен број на тестови | Вкупно тестови | Вкупно позитивни | Тестови скрининг | Позитивни скрининг | Тестови рутина | Позитивни рутина |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Сите лаборатории | **911154** | **155802** | **4982** | **24** | **906172** | **155778** |
| 1 | ИЈЗ - Вирусологија | 216356 | 51371 | 3226 | 22 | 213130 | 51349 |
| 2 | ЦЈЗ Скопје | 21052 | 5574 | 0 | 0 | 21052 | 5574 |
| 3 | ЦЈЗ Битола | 21943 | 5223 | 0 | 0 | 21943 | 5223 |
| 4 | ЦЈЗ Прилеп | 2239 | 72 | 0 | 0 | 2239 | 72 |
| 5 | ЦЈЗ Тетово | 898 | 51 | 0 | 0 | 898 | 51 |
| 6 | ЦЈЗ Куманово | 1334 | 40 | 0 | 0 | 1334 | 40 |
| 7 | КИБФС | 1795 | 496 | 0 | 0 | 1795 | 496 |
| 8 | Судска медицина | 2689 | 282 | 0 | 0 | 2689 | 282 |
| 9 | ИБЗД Козле | 1821 | 727 | 0 | 0 | 1821 | 727 |
| 10 | УК Пулмологија со алергологија | 506 | 118 | 0 | 0 | 506 | 118 |
| 11 | ГОБ 8-ми Септември | 860 | 52 | 0 | 0 | 860 | 52 |
| 12 | Институт за микробиологија | 4826 | 1314 | 0 | 0 | 4826 | 1314 |
| 13 | Жан Митрев Клиника | 70945 | 7733 | 0 | 0 | 70945 | 7733 |
| 14 | Авицена | 92707 | 12254 | 0 | 0 | 92707 | 12254 |
| 15 | Биотек | 94403 | 9340 | 0 | 0 | 94403 | 9340 |
| 16 | Систина | 77143 | 8848 | 0 | 0 | 77143 | 8848 |
| 17 | Лаор | 47463 | 1602 | 0 | 0 | 47463 | 1602 |
| 18 | Синлаб | 14709 | 2152 | 0 | 0 | 14709 | 2152 |
| 19 | Ремедика | 6391 | 418 | 0 | 0 | 6391 | 418 |
| 20 | Плодност | 4715 | 515 | 0 | 0 | 4715 | 515 |
| 21 | Генеа | 1992 | 28 | 0 | 0 | 1992 | 28 |
| 22 | Никоб лаб | 14886 | 4 | 0 | 0 | 14886 | 4 |
| 23 | ВФВ Медикал | 939 | 0 | 0 | 0 | 939 | 0 |
| 24 | Рапид антиген тестови (ЈЗУ и ПЗУ) | 164286 | 36271 | 0 | 0 | 164286 | 36271 |
| 25 | Лаборатории од странство | 9 | 9 | 0 | 0 | 9 | 9 |
| 26 | МАНУ | 41690 | 11164 | 1756 | 2 | 39934 | 11162 |
| 27 | ГАК | 1802 | 63 | 0 | 0 | 1802 | 63 |
| 28 | Ветеринарен Факултет | 755 | 81 | 0 | 0 | 755 | 81 |

*9 случаи се тестирани во лаборатории во странство

Според исходот од заболувањето, 183 лица (0,1%) се активни случаи, 150.132 случаи (96,4%) се водат како оздравени, испишани од болница, со 2 негативни теста по домашното лекување или по новиот алгоритам (Табела 3, Графикон 4). Од случаите кои се водат како оздравени, 6.644 (4,4%) биле хоспитализирани додека останатите 143.488 (95,6%) биле на домашно лекување.

***Графикон 4.*** *Дистрибуција на заболените од COVID-19 во С. Македонија според исход и вкупен број, до 11.07.2021 (n=*155.802*)*



***Табела 3.*** *Исход на заболување по градови, Р.С. Македонија (n=*155.802*)*

| Дистрибуција по град | Болест во тек | Оздравен | Смртен исход | Вкупно |
|---|---|---|---|---|
| Скопје | 65 | 66825 | 1818 | 68708 |
| Куманово | 11 | 8518 | 355 | 8884 |
| Прилеп | 3 | 7899 | 426 | 8328 |
| Тетово | 55 | 6906 | 335 | 7296 |
| Битола | 6 | 6000 | 304 | 6310 |
| Велес | | 5296 | 178 | 5474 |
| Гостивар | 7 | 4933 | 248 | 5188 |
| Кавадарци | 2 | 4998 | 155 | 5155 |
| Охрид | 11 | 4786 | 224 | 5021 |
| Штип | | 4814 | 146 | 4960 |
| Струмица | 5 | 3907 | 211 | 4123 |
| Струга | 2 | 2784 | 197 | 2983 |
| Кочани | | 2667 | 125 | 2792 |
| Кичево | 13 | 2476 | 111 | 2600 |
| Гевгелија | | 2123 | 72 | 2195 |
| Неготино | | 2124 | 60 | 2184 |
| Свети Николе | | 1494 | 30 | 1524 |
| Ресен | | 1196 | 38 | 1234 |
| Крива Паланка | | 1169 | 58 | 1227 |
| Радовиш | | 1099 | 62 | 1161 |
| Берово | 2 | 991 | 39 | 1032 |
| Делчево | | 935 | 38 | 973 |
| Дебар | 1 | 893 | 48 | 942 |
| Виница | | 845 | 41 | 886 |
| Пробиштип | | 759 | 30 | 789 |
| Валандово | | 645 | 22 | 667 |
| Богданци | | 482 | 12 | 494 |
| Крушево | | 457 | 33 | 490 |
| Демир Хисар | | 386 | 14 | 400 |
| Демир Капија | | 385 | 11 | 396 |
| Кратово | | 362 | 15 | 377 |
| Македонски Брод | | 345 | 14 | 359 |
| Пехчево | | 263 | 6 | 269 |
| Македонска Каменица | | 241 | 8 | 249 |
| Дојран | | 129 | 3 | 132 |
| **ВКУПНО** | **183** | **150132** | **5487** | **155802** |

## ВАКЦИНАЦИЈА ПРОТИВ COVID-19

На 17.02.2021 во Р. С. Македонија започна вакцинацијата против COVID-19. Заклучно со 10.07.2021, аплицирани се:

- 175.617 дози на Pfizer/Biontech (116.707 со прва доза и 58.910 со втора доза),
- 45.261 дози на Sputnik V (22.880 со прва доза и 22.381 со втора доза),
- 62.384 дози на AstraZeneca (47.452 со прва доза и 14.932 со втора доза),
- 298.898 дози на Sinopharm (150.324 со прва доза и 148.574 со втора доза) и
- 84.716 дози на Sinovac (83.903 со прва доза и 813 со втора доза).

**Заклучно со 10.07.2021 вакцинирани се вкупно 421.266 лица со барем една доза на вакцина против КОВИД-19. Комплетно се вакцинирани вкупно 245.610 лица.**

## ПРОЦЕНА НА РИЗИК ЗА ПОНАТАМОШНО ШИРЕЊЕ НА COVID-19 И ПРЕПОРАЧАНИ МЕРКИ

Репродукцискиот број на заразени од COVID-19 (R0) во Р.С. Македонија изнесува 1,40 заклучно со 11.07.2021.

***Графикон 5.*** Дневна инциденца на 100.000 жители и R0, COVID-19, Р.С.М, до 11.07.2021



Според категоризацијата на ризикот и проценката на ситуацијата земајќи ги во предвид индикаторите на СЗО за можноста за понатамошна трансмисија и капацитетите за одговор на земјата[1] се проценува дека:

- Република Северна Македонија е во фаза 1 (регистрирани спорадични случаи), подниво 1, со соодветни капацитети за одговор.

За повеќе информации околу рестриктивните мерки може да се информирате на [www.vlada.mk](http://www.vlada.mk)

## Препорачани мерки за превенција и контрола од СЗО согласно проценетата фаза и подниво

На оваа проценета фаза и подниво, треба и понатаму да се почитуваат општите мерки за превенција.

[1] Извор: WHO guidance on considerations for implementing and adjusting PHSM in the context of COVID-19

## СОСТОЈБА СО COVID-19 ВО СВЕТОТ

Согласно последните податоци објавени од СЗО, заклучно со 04.07.2021

- Број на потврдени случаи на глобално ниво **- 183.198.019** ***(2.688.561 во последни 7 дена, 3% повеќе во споредба со претходна недела)***
- Број на смртни случаи на глобално ниво **- 3.971.687** ***(53.958 во последни 7 дена, 7% помалку во споредба со претходна недела)***

### ❖ Регион на СЗО Америка

- Потврдени случаи – 72.804.991 *(992.023 во последни 7 дена, 13% помалку во споредба со претходна недела)*
- Смртни случаи – 1.914.473 *(26.721 во последни 7 дена, 11% помалку во споредба со претходна недела)*

### ❖ Европски Регион на СЗО

- Потврдени случаи – 56.235.850 *(505.790 во последни 7 дена, 30% помалку во споредба со претходна недела)*
- Смртни случаи – 1.189.019 *(6.926 во последни 7 дена, 6% повеќе во споредба со претходна недела)*

### ❖ Регион на СЗО Југоисточна Азија

- Потврдени случаи – 35.219.144 *(612.933 во последни 7 дена, 7% повеќе во споредба со претходна недела)*
- Смртни случаи – 495.939 *(11.542 во последни 7 дена, 12% помалку во споредба со претходна недела)*

### ❖ Источно-Медитерански Регион на СЗО

- Потврдени случаи – 11.133.173 *(245.740 во последни 7 дена, 11% повеќе во споредба со претходна недела)*
- Смртни случаи – 218.804 *(3.479 во последни 7 дена, 2% повеќе во споредба со претходна недела)*

### ❖ Африкански Регион на СЗО

- Потврдени случаи – 4.172.433 *(204.012 во последни 7 дена, 15% повеќе во споредба со претходна недела)*
- Смртни случаи – 97.682 *(3.359 во последни 7 дена, 23% повеќе во споредба со претходна недела)*

### ❖ Регион на СЗО Западен Пацифик

- Потврдени случаи – 3.631.664 *(128.063 во последни 7 дена, 10% повеќе во споредба со претходна недела)*
- Смртни случаи – 55.757 *(1.931 во последни 7 дена, 7% повеќе во споредба со претходна недела)*

## УПАТСТВА И ПРЕПОРАКИ ЗА ЈАВНОСТА

- ✓ За повеќе информации од видот на најчесто поставувани прашања, вистини и митови во врска со корона вирусот можете да прочитате на

http://www.iph.mk/prasanja-i-odgovori-za-korona-virusot/

- ✓ Општите препораки од СЗО за превенција на болеста можете да ги најдете на следната страна

http://www.iph.mk/preporaki-od-szo/

- ✓ За препораките за патници кои доаѓаат/ се враќаат од ризични земји во Македонија

http://www.iph.mk/korona-preporaki/
http://www.iph.mk/preporaki-za-patnici-koi-doagaat-od-rizicni-regioni-so-covid19/

- ✓ Препораки како да се заштитите себе си

http://www.iph.mk/covid-19-kako-da-se-zastitite-sebesi/

- ✓ Доколку некој близок има симптоми слични на тие со болеста, можете да го прочитате СЗО упатството за домашно лекување на сомнителните случаи на

http://www.iph.mk/upatstvo-za-ncov/

- ✓ За упатства за здравствените работници

http://www.iph.mk/posteri-corona-zr-lzo-i-mienje-race/
http://www.iph.mk/kontrola-na-infekcija-covid19-lzo/

- ✓ Веб страна на Министерство за здравство поврзано со COVID-19

http://zdravstvo.gov.mk/korona-virus/

- ✓ Веб страна Владата на РСМ поврзано со COVID-19

https://vlada.mk/covid19
https://koronavirus.gov.mk

Скопје, 12.07.2021

***Оддел за епидемиологија на заразни болести***
***Институт за јавно здравје***